Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-110/2
Датум: 24-02-2025

По претставката бр. 08 - 110/1 од 20.1.2025 година, поднесена од [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национала и етничка припадност, верско уверување и образование, во областа на работата и работните односи, против Министерството за внатрешни работи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08 - 110/1 од 20.1.2025 година, поднесена од [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национала и етничка припадност, верско уверување и образование, во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи.

## О б р а з л о ж е н и е

На 20.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национала и етничка припадност, верско уверување и образование, во областа на работата и работните односи против Министерството за внатрешни работи.

Подносителот тврди дека е дискриминирана поради тоа што како вработен во МВР, конкурирал во неколку интерни огласи, за кои иако ги исполнувал условите, сепак не бил избран. Во претставката наведува дека е дискриминиран по национална или етничка припадност, вероско уверување, образование и друго.

По разгледување на претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека претходно постапувала по претставка поднесена од од [redacted] со бр. 08 - 698/1 од 7.11.2024 година, во која се содржани истите тврдења. По претходно поднесената претставка Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донела Заклучок со бр. 08 – 698/3 од 25.12.2024 година со кој ја отфрлила претставката заради ненадлежност.

Поради наведеното, како и недостатокот на нови факти и околности, различни од наведените во првичната претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека се исполнети законските услови од член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и не поведе постапка по претставката 08 - 110/1 од 20.1.2025година.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]